**Наташа Јаневска** е истакнат експерт во областа на образованието, квалификациите и управувањето со човечки ресурси, со повеќе од три децении професионално искуство во јавниот, образовниот и бизнис секторот. Магистер е по менаџмент на човечки ресурси и долгогодишен креатор и имплементатор на политики за развој на човечкиот капитал, образование и доживотно учење.

Во својата кариера извршувала високи раководни и советнички функции во Министерството за образование и наука, Собранието на Република Македонија и Стопанската комора на Северна Македонија, каде активно придонесува за поврзување на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот. Посебно се истакнува нејзината улога во развојот на Националната рамка на квалификации, дуалното образование, системите за развој на компетенции и креирањето политики за стручно образование и обука.

Како проектен менаџер, советник и експерт, таа раководела и учествувала во бројни национални и меѓународни проекти поврзани со развојот на човечките ресурси, унапредувањето на вештините и зголемувањето на конкурентноста на работната сила. Автор и коавтор е на повеќе стратешки документи, закони, методологии, анализи и образовни политики кои имаат значајно влијание врз развојот на човечкиот капитал во државата.

Благодарение на своето богато професионално искуство, стратешко размислување и посветеност на развојот на луѓето и организациите, Наташа Јаневска претставува значаен придонес во работата на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси.